РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БОГДАНЦИ
Градоначалник на Општината
Бр. 04-967/1
07.05.2018 год:
БОГДАНЦИ

Врз основа на член 52 став 1 од Законот за административни службеници („Службен весник на РМ“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 05/16, 142/16 и 11/18), како и врз основа на Записникот од административната селекција за интерен оглас бр. 04-876/5 од 04.05.2018 година и Записникот од работата на Комисијата за селекција за унапредување на административен службеник во спроведување на интервју бр. 04-876/6 од 04.05.2018 година, Градоначалникот на Општина Богданци, донесе

**О Д Л У К А**
**за избор на кандидат по интерен оглас број 01/2018**

1. За извршител на работно место:
-**Советник за заштита на животната средина,** шифра УПР0101В01000, Одделение за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина, се избира лицето ***ЈОВАНКА АМПОВА***.

2. По завршувањето на постапката за избор и конечноста на Одлуката, Градоначалникот на Општина Богданци ќе донесе Решение за унапредување на избраниот административен службеник од точка 1 на оваа Одлука.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена на официјалната веб страница на Општина Богданци.

***О б р а з л о ж е н и е***

Во врска со Интерниот оглас бр.01/2018 објавен на веб страницата на Општина Богданци и на веб страницата на Агенција за администрација на ден 25.04.2018 година за унапредување на административен службеник на работно место Советник за заштита на животната средина, шифра УПР0101В01000, Одделение за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина, Комисија за селекција за унапредување на административен службеник, формирана со Решение од Градоначалникот на општината под бр. 04876/4 од 03.05.2018 година, по спроведената административна селекција и спроведеното интервју со кандидатите, изготви финална ранг листа од најдобро рангираните кандидати, која заедно со предлог одлуката за избор на прво рангираниот кандидат ја достави со Градоначалникот.

Согласно финалната ранг листа и предлог одлуката за избор на прво рангираниот кандидат кои се составен дел од Записникот по спроведеното интервју и со оглед на тоа дека наведениот кандидат е единствен кандидат и ги исполнува потребните услови за наведеното работно место се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа Одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од осум дена од денот на приемот на одлуката.

Доставено до:
-Административен службеник
-Архива

**Градоначалник**
**на Општина Богданци**
**Блаже Шапов**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Градоначалник
БОГДАНЦИ
ОПШТИНА БОГДАНЦИ